**Известување за концентрација со која друштвото Галена Ресоурце Еквитис Лимитед, Кајмански Острови ќе стекне контрола над Еуромакс Ресоурцес лтд., Канада**
**(предмет бр. 08-46/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 04.04.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која друштвото Галена Ресоурце Еквитис Лимитед, со регистрирано седиште на Мејплс Корпорејт Сервисес Лимитед, ПО Фах 309, Угланд Хаус, ул.Саут Чрч, Џорџ Таун, Гранд Кајман KY1-1104, Кајмански Острови ќе стекне контрола над Еуромакс Ресоурцес Лтд., со седиште на 10ти спрат ул. Хове 595, Ванкувер БЦ Б6Ц 2Т5, Канада.

Галена Ресоурце Еквитис Лимитед, е друштво регистрирано на Кајманските Острови, чија основна дејност е инвестирање во мали и средни трговски друштва кои дејствуваат во секторот на природни ресурси и минералните суровини.

Еуромакс Ресоурцес Лтд., Канада е формирано како холдинг друштво чии што друштва ќерки се фокусирани на деловни активности од областа на минералните суровини. Истото е присутно на пазарот на Југоисточна Европа од јануари 2011 година. Во моментов корпоративната стратегија на ова друштво е фокусирана на развој на проектот за експолатација на бакар и злато од локалитетот Иловица – Штука, Македонија.

Во Република Македонија посредно Еуромакс Ресоурцес Лтд., Канада го има поврзаното друштво  - Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје, со седиште на бул. Партизански одреди бр.11-1/2/3 Скопје со дејност: вадење на други руди на обоени метали.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

15.04.2019 година
Скопје